


# ПОДКАСТ 3 – ИЗЛЕГУВАЊЕ ОД РАМКИТЕ: ПОБЕДА НАД СТЕРЕОТИПИТЕ, ПРЕКУ АКЦИЈА

## “КАКО ГО ПОБЕДИВ СТЕРЕОТИПОТ”

**Кога луѓето првпат ќе слушнат од каде сум,** често прават претпоставки. Замислуваат мали улици, стари згради. Може дури и луѓе, кои не се многу заинтересирани за технологија или иновации. Порано тоа ми пречеше – не затоа што се срамев од мојот роден град, туку затоа што не ми се допаѓаше да бидам сместен во „коцка“  - пред да можам да кажам нешто.

Во првите недели од студирањето, почнав да забележувам нешто. За време на групните дискусии за технологија, некои колеги не ме ни погледнуваа. Кога ни беше доделен проект за дигитално раскажување приказни, улогите брзо беа поделени. Делот со програмирање им припадна на студентите од поголемите градови – оние за кои сите претпоставуваа дека се „технолошки потковани“. Јас бев љубезно замолен да се фокусирам на визуелниот дел и текстот.

**„Ти си добар за пишување текстови, нели?“ рече некој со насмевка.**

Длабоко во себе, се почувствував потценет. Но, не сакав да се расправам. Не сакав да се објаснувам. Наместо тоа, решив: ќе им покажам. По цели ноќи учев нови алатки за интерактивен медиумски дизајн. Експериментирав, грешев и се обидував повторно. Комбинирав - код со креативно раскажување приказни, претворајќи ги идеите, во нешто што може да се кликне, истражи и почувствува. Беше исцрпувачки. Понекогаш фрустрирачки. Но тоа ми даде сила  – како...

...како повторно да пишувам приказна, што некој друг ја напишал за мене,  без да ме праша.

На денот на презентацијата, нашата група претстави еден од најоригиналните проекти во класот. По презентацијата, професорот постави едноставно прашање: **„Кој го изработи интерактивниот интерфејс?“** Настана кратка пауза. Потоа, моите колеги покажаа кон мене.

Никогаш нема да го заборавам тој момент – изненадувањето на нивните лица. А потоа – искреното восхитување. По часот, еден студент ми пријде и рече: **„Не знаев дека знаеш така да програмираш. Изгледа сум судел предвреме.“**

Јас само се насмевнав. Не станувaше збор да докажувам некому, дека греши. Станувaше збор за тоа да ме запознаат -  таков, каков што сум навистина.

Тоа искуство ме научи нешто важно. Стереотипите не постојат само „таму некаде“.

Тие тивко живеат и во нас самите. Сфатив дека и јас носев несвесни претпоставки за луѓе од други места или друго потекло. И кога ќе се соочиш со еден стереотип, не го менуваш само начинот на кој другите те гледаат – почнуваш да ги менуваш сопствените ставови, изградени од страв, навика или незнаење.

Оттогаш, создадов навика да ги преиспитувам моите први впечатоци. Ако некој ми изгледа „премногу самоуверен“, си поставувам прашање – дали тоа навистина е проблем или само е различно од начинот на кој што сум воспитан?

Ако некој зборува со силен акцент, си се потсетувам дека јазикот е мост – а не граница.



Разбивањето на стереотипите, ретко е гласно. Тоа не се случува со расправање или објаснување.

Тоа се случува тивко – преку доследност, дела и автентичност. Со тоа што ќе покажеш кој си. И со давање простор на другите да го направат истото.

Сè уште размислувам на тој проект, не поради оценката, туку затоа што промени нешто подлабоко. Го смени начинот на кој другите ме гледаа. А уште повеќе – го смени начинот на кој што јас се гледав себеси. Ми даде храброст да се искажам и трпение, да ги сослушам другите, кога се соочуваат со истите невидливи бариери.

Денес, кога ќе сретнам некој што се чувствува потценет, му велам:

Не се бори со етикетата. Надрасни ја.

**Клучна порака**
Разбивањето стереотипи, не е битка на аргументи. Тоа е процес на покажување кој си навистина, преку делата. Секогаш кога делуваш со храброст и емпатија, тивко ја менуваш приказната во која другите, а некогаш и ти самиот – си го мислел за себе.

**Прашања за рефлексија**

1. Дали некогаш си се почувствувал потценет поради местото од каде доаѓаш или начинот на кој се размислувало за тебе?
2. Кои стереотипи најчесто ги забележуваш – за другите или за себеси?
3. Како делата, место зборовите, можат да помогнат во менувањето на тие стереотипи?



Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Европската Унија или на Фондацијата за развој на образованието. Ниту Европската Унија, ниту Фондацијата за развој на образованието не сносат одговорност за нив.

Сите резултати стекнати во рамките на проектот „Building Community Links“ се достапни со отворени лиценци (CC BY-SA 4.0 DEED). Тие можат да се користат бесплатно и без ограничувања. Копирањето или обработката на овие материјали, во целост или делумно, без согласност на авторот е забрането. Во случај на користење на резултатите, потребно е да се наведе изворот на финансирање и авторите.

Co-funded by the European Union
Fundacja Energia dla Europy
AUTPOST ACADEMY
POSITIVO Think Positive Be Creative
FERI